Соработката меѓу граѓанското општество и државните актери во борбата против екстремизмот во Германија беше главната тема на студиската посета на која учествуваа
**15 претставници на македонските институции**
поврзани со Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБТ)
**и граѓанските организации**
. Тридневната интензивна програма (15 – 17 март 2023 година) им овозможи на учесниците да се
**сретнат со голем број претставници на германските институции и граѓански организации**
, да ги слушнат нивните искуства и да дискутираат за поставеноста на системот на ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција на повратниците од странските боишта, на припадниците на екстремистичките групи, како и за програмите за превенција од насилниот екстремизам. Според учесниците, искуствата од студиската посета се добра основа и предизвик за примена во македонскиот контекст.




Senatsverwaltung
für Inneres, Digitalisierung
und Sport
BERLIN



